## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и преку фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА

3% Цинк со 2% бор се користи за коригирање на дефицитот од цинк и бор кај земјоделските култури и за подобрување на квалитетот на производот. Особено се препорачува на почетокот на вегетацијата, во фазата пред и за време на цветање на земјоделските култури, како и во време на почетокот на образување плодови. Дефицитот на бор и цинк често се поврзува и со недостатокот на влага во почвата, поради што 3% Цинк со 2% бор се препорачува за аплицирање со водата за наводнување, а особено преку системот за микронаводнување од каде што, многу лесно и ефикасно се извлекува. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација.
При оптимална исхрана со макрохранливи елементи преку почвата и со оптимална влага во почвата, со примена на 3% Цинк со 2% бор преку фолијарна апликација се постигнува одличен ефект.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, до фаза на масовно цветање | 2-3 апликации | 2 l ѓубриво со најмалку 3000 l вода |
| Пољоделски култури | Во тек на вегетацијата (веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода) | 1-2 апликации | 1-2 l ѓубриво со најмалку 2000-3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода, сè до средина на фазата пораст на плод-зрно | 2-3 апликации | 2 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 2 апликации на 10-15 дена | 150-200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетацијата или врзување на плодови | 1-2 апликации на 10-15 дена | 150-200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури | По отворање на пупките/цветање/ врзување на плод | 1-2 апликации на 10-15 дена | 150-200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Винова лоза | По отворање на пупките, сé до средина на фазата пораст на плод-зрно | 2 апликации на 10-15 дена | 150-200 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**

3% Цинк со 2% бор може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа неопходно е пред секоја употреба да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални средства за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**

На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**

2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Цинк (Zn)[1] | (3,0 ± 0,3) % |
| Бор (B)[2] | (2,0 ± 0,2) % |

[1] Цинк во едетатна форма - $Zn(NH_4)_2EDTA$
[2] Борна к-на во моноетаноламин (MEA)